ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655
Matični broj: 3805760; Žiro račun: 2340009-1100038804; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 51 – 1/2005
Загреб, 09. 04. 2005.

# ЗАПИСНИК

од **5. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **09.04.2005. година** со почеток во **11.15 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** С. Сагадин – Пула – претсед. на Заедницата, Т. Јовановска – Задар, Ј. Цветичанин – Осиек, И. Христодулов – Риека, К. Стоилов – Сплит (по полномоштво на претседателот) и Н. Гроздановски – Загреб.

**Гости:** А. Рабузин – секретарка на Заедницата, Е. Жугај – адм. секретарка на Заедницата, М. Несими – Амбасадор на Р. Македонија во Р.Х., М. Апостоловска – гл. уредничка на „Мак. глас„ А. Оџаклиески – претседател на Советот на мак. нац. малцинство за Град Загреб, М. Давчевски – член од МКД Риека, М. Паризоски – дописник на „Мак. глас„ од Загреб и С. Коретиќ.

Седницата ја водеше претсед. на УО на Заедницата – С. Сагадин. На самиот почеток, по утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, таа ги поздрави сите присутни, а посебно им се заблагодари на Амбасадорот М. Несими и на претсед. на Советот А. Оџаклиески за нивното присуство како гости на оваа седница. Потоа му даде збор на г. Оџаклиески, кој ги изнесе поединостите околу својот престој во Р. Македонија и разговорите кои таму ги водел, како и поединостите околу организацијата на престојувањето на Првиот Претседател на Р. Македонија, Киро Глигоров во Загреб по повод на Трибината која ја организира Советот, како и претставувањето на неговата трета книга. Тој исто истакна дека е воден разговор за покренување на иницијатива за отварање на Македонски културно информативни центар во Загреб, а критички се осврна на посетите на државниците од Р. Македонија кои престојувале неодамна во Загреб, а притоа не била остварена ниту една средба со Македонците.
Амбасадорот М. Несими се надоврза и рече дека за г. К. Глигоров од страна на Амбасадата ќе биде отстапено возило за да му биде на располагање за време на неговиот престој во Загреб, додека за организирањето на самиот смештај сѐ уште се договара.
Понатака, Амбасадорот им ја изнесе на присутните проблематиката во врска со информирањето на културните збивања на Македонците во РХ. Во минатото поголема важност се придавала на отварање на Македонски Амбасади и Конзулати во другите држави поради полза на самото функционирање на меѓудржавните односи. Во денешно време, кога тие институции функционираат, треба да се придава поголемо значење на ширењето на културата на македонскиот народ, како во РХ, така и пошироко во Европа. По тоа прашање, Амбасадорот истакна дека се воделе разговори со премиерот И. Санадер, со Министерот за култура во РМ, како и со Министерот за надворешни работи во РМ кои покажале голем интерес да помогнат да се отвори Културно – информативен центар на

Македонците во РХ. За да се успее во реализацијата, потребно е Заедницата да напише допис до Амбасадата во кој ќе бидат опишани културните манифестации кои ги одржуваат Македонците во РХ. За тој допис, претсед. С. Сагадин ја задолжи секретарката А. Рабузин. Амбасадорот М. Несими спомна дека овие денови во РХ се очекува посета на г. Бучковски кој за жал, поради обемните задолженија нема да биде во можност да се сретне со претставниците на Заедницата.

Тука г-ѓа С. Коретиќ напомена дека таа соработува со Македонски нац. малцинства и надвор од РХ и дека постои голема потреба за отварање на Културно – информативен центар кој ќе го шири идентитетот на Македонците во светот. На тоа се надоврза дописникот на Заедницата М. Паризоски кој рече дека присуствувал на Новинарскиот бал и имал можност да поразговара со претсед. на Советот за нац. малцинства А. Толнауер, кој за работата на Заедницата на Македонците во РХ имал само пофални зборови.

Потоа претсед. С. Сагадин и даде збор на гл. уредничка на „Македонски глас„ М. Апостоловска која ги извести присутните дека како потпретс. на Зборот на новинарите на нац. малцинства при Хрватско новинарско друштво, тие бесплатно и овозможиле претставување на нејзината книга „Танго„ а рецензент на книгата ќе биде проф. др. Ферид Мухиќ. Таа напомена дека новиот број на списанието (41) излегува од печатење на 15.04.2005. година и дека веќе се добиени парични средства од рекламите што ќе бидат објавени во истиот, па предложи тие средства да се користат наменски за потребите на списанието. М. Апостоловска им се заблагодари на сите дописници кои со своите многубројни прилози допринеле овој број да излезе во предвидениот рок, со замерка на дописничката од друштвото од Сплит А. Плазониќ, која до затварањето на бројот не доставила ниту еден прилог за нивните активности и со предлог да се избере нов дописник за Сплит со кој ќе се соработува во иднина.

Присутните го прифатија предлогот на И. Христодулов, списанието „Мак. глас„ да се доставува до секој член од Пододборот за правата на малцинствата каде е и тој член, а тој се обврза да ги проследи нивните адреси до Заедницата. Претсед. С. Сагадин се надоврза и извести дека во иднина списанието ќе се доставува и до сите членови на Советот на нац. малцинства каде е и таа член, како и до Амбасадата која ќе ги проследува понатака до меродавните институции во Р. Македонија.

Во продолжетокот на седницата, претсед. го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 4-тата. седница;
2. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za prvo tromjesečje 2005. godine“, - за друштвата извештајот го поднесуваат претседателите и истите се должни извештаите во два примерока да ги поднесат на оваа седница;
3. Усвојување на записникот од Инвентурната комисија и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
4. Донесување одлука за одржување на културната манифестација: претставување на книгата „Виорни времиња„ од авторот Киро Глигоров, Прв Претседател на Р.М. и почесен член на Заедницата;
5. Донесување на одлука за склопување на “Ugovor o radu na neodređeno vrijeme“ со сегашната административна секретарка на Заедницата, Елизабета Жугај;
6. Донесување на одлуки за остварување на планираните програми во наредниот период и формирање работни тела

7. Донесување на Финансиски план на Заедницата за периодот од 01.04.2005. до 31.12.2005. година;
8. Разгледување на предлогот за нов Статут на Заедницата од Комисијата за изработка на Статут и предлози по истиот;
9. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија записникот** од 4. седница на УО.

**Ад. 2.** Секретарката А. Рабузин ги запозна присутните со содржината на Извештајот на Заедницата за Советот, кој беше направен за првото тромесечје и по Методологијата (прилог) и нагласи дека сите трошоци се подмирени, како и оние од минатата год., без оглед на тоа што оваа година тие се поголеми. Иако во поканата сите друштва беа задолжени своите Извештаи да ги поднесат на оваа седница во два примерока, тоа не беше реализирано од друштвата од Риека и Задар. Потоа А. Рабузин и Е. Жугај ги информираа присутните со активностите на Заедницата од претходната седница до денес (прилог). По спроведената дискусија со јавно гласање членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Извештајот на Заедницата за првото тромесечје едногласно е усвоен;
- Материјалите кои се припремаат од страна на Заедницата, порано да се доставуваат до друштвата;
- Извештаите од друштвата да бидат доставувани до Заедницата во два примерока најкасно до 15-ти следниот месец (за сега тоа се: 15.01., 15.04., 15.07. и 15.10.);
- Анализите на активностите на друштвата да бидат презентирани и во писмен облик како прилог на записникот, а од Заедницата да биде доставувана до друштвата;
- Да се прати допис до Министерството за школство и образование во врска со школувањето на мак. деца на мајчин јазик за 2006. година;
- Заедницата да го плати ноќевањето на проф. др. Ферид Мухиќ во Загреб за претставувањето на книгата „Танго„ од М. Апостоловска;
- Да се прати допис до Советот со молба за потврдување на Заедницата како издавач на списанието „Мак. глас„ поради користење на поповолна поштарина за достава;
- Заедницата да доставува 20 примероци од „Мак. глас„ до Амбасадата кои ќе бидат ковертирани и адресирани за понатамошно доставување до институциите во Р. М.;
- Фирмите кои ќе и дадат донација на Зедницата, ќе бидат рекламирани во „М.глас„;
- Да се припремат материјалите за барање за школување на мак. деца на мајчин јазик преку работилници и летен камп за реализација во 2006. година;
- Да се контактира со Д. Спировски кој е избран од страна на ХРТ како хонорарен новинар да пишува за активностите на мак. нац. малцинство за „Призма„;
- Да се продолжи со настојувањето да се извршат неопходните поправки во просториите на Заедницата кои одат преку ГСКГ на сметка на заедничката причува
- Решавањето на власништвото на просториите на Заедницата да проба да се реализира со помош на Амбасадата;
- Заедницата да купи фотоапарат за својот дописник на „Мак. глас„;
- Во врска со изработката на “Web“ страницата, предложена е понуда од графичкото студио „Копито“ (Мирослав Бертол), на 2.500,00 кн. и 100,00 кн. по една измена, која е и потпишана од претсед. на Заедницата С. Сагадин;
- Да се поднесе известување до Советот во врска со инцидентите на Н. Илиевски;
- Да се враќа поштата за МКД „К. Мисирков„ која доаѓа на адресата на Заедницата.

**Ад. 3.** Е. Жугај во кратки црти ги запозна присутните со спроведената инвентура на имовинската состојба на Заедницата од страна на инвентурната комисија (прилог). По расправата, членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Усвоен е записникот од состанокот на инвентурната комисија на Заедницата;
- По предлогот на инвентурната комисија, да се изврши отпис на дел од имовината од „Порцуланка – промет„ која не е веќе за употреба (прилог бр. 3.);
- По предлогот на инвентурната комисија, да се изврши отпис на мобителот "Siemens C 35" со сер. бр. 449191714114051 (прилог бр. 5.);
- По предлогот на инвентурната комисија, да се изврши отпис на книгите од фондот на библиотеката на Заедницата кои недостасуваат (прилог бр. 9.).

**Ад. 4.** Во врска со претставувањето на книгата „Виорни времиња, , Р. Македонија – реалност на Балканот„ од Првиот претседател на Р. М. Киро Глигоров, А. Рабузин рече дека таа манифестација, иако не е предвидена со Планот и програмот на работата на Заедницата за 2005. година, е од големо значење да се реализира, со тоа дека за донација за истата, се пратени дописи до разни институции и фирми, а Заедницата ќе го подмири изнајмувањето на салата во износ од 1.500,00 кн., а ако се реализират донациите, ќе можат да се покријат и трошоците на претсед. на друштвата, како и да се купи поклон за г. К. Глигоров по повод на неговиот роденден кој е на 03. мај. И. Христодулов предложи да се побара од Град Загреб Монографија на Загреб и да му се подари на Глигоров. Потоа А. Рабузин рече дека претставувачи на книгата ќе бидат Д. Војниќ и Г. Калогјера, програмата ќе ја води К. Велковска, а за продажба на книгите ќе биде задолжена Е. Жугај. М. Паризоски се надоврза со информацијата дека договорил интервју за „Мак. глас„ со г. Елезовиќ, кој за таа пригода ќе зборува за претставувањето на книгата на Глигоров. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** за одржување на оваа манифестација на 07.05.2005. година.

**Ад. 5.** По оваа точка, Е. Жугај ги информира присутните дека и двете барања за нејзиното заослување како адм. секретарка на Заедницата, кои беа поднесени од страна на Заедницата до Заводот за запослување за суфинансирање се одбиени, првото поради поднесена негативна финансиска документација на Заедницата, а второто поради нејзиното „бришење„ од евиденцијата на Заводот од причина на примање на поголем хонорар него што е тоа предвидено со законот на Заводот. На тоа, Ј. Цветичанин даде предлог да се испита кој е одговорен за пропуштената прилика за суфинансирањето во износ од 37,2% од брутото на платата во траење од 6 месеци и еднократниот износ од 1.000 евра, на што претсед. С. Сагадин рече дека е пропустот и вината во недоволната информираност на книговодителот. Заради тоа, потребно е да се донесе одлука за вработување на Е. Жугај, на начин да сите трошоци за платата бидат подмирени од Заедницата. На прашањето во врска со спроведувањето на јавен конкурс за вработувањето, Е. Жугај рече дека има информација од меродавните институции кои ги контактирала, дека јавен конкурс за запослување не е задолжителен (прилози). По расправата, членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Заедницата да склопи "Ugovor o radu na neodređeno vrijeme" со Е. Жугај на работното место административна секретарка на Заедницата во сталент работен однос на полно работно време (стварно работно време 4–5 сати дневно, од 08–13, односно од 17–21 ч. по потреба, сабота и недела – неработни) со почеток од 01.04.2005. година, без поднесување на јавен конкурс;
- Примањата да бидат во износ од 2.150,00 кн. нето месечно како и сите други обврски према Законот;

- Во работните обврски во раб. време да влезе и одржувањето на просториите на Заедницата (двапати месечно чистење на подовите, тоалетите, скалите, прашината).

**Ад. 6.** За планираните програми за оваа година, А. Рабузин ги информира присутните за изложбата во Задар и Сплит, за концертот на озбилна музика во Осиек и Ѓаково кој ќе се одржи во склопот на „8 Денови на Б. Миладиновци„ за одржувањето на манифестацијата „Илинден„ како и за издавањето на книги. По расправата, членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Членовите на организацискиот одбор за изложбата во Задар и Сплит се: С. Сагадин, А. Рабузин, Н. Гроздановски, М. Мајиќ, В. Апостолски и Е. Жугај;
- Средствата за изложбата вкупно изнесуваат 18.000,00 кн.;
- Податоците за учесниците на изложбата потребни за каталогот најкасно да се достават до Заедницата до 15.04.2005. година и тој да биде печатен во Загреб, а трошоците за печатењето да ги подмири Заедницата, додека поканите за изложбата да бидат покриени преку друштвата;
- Изложбата во Задар и Сплит да ја отвори Н. Гроздановски, а трошоците за патот да ги подмири Заедницата;
- Да се дефинира точниот термин и место на одржувањето на изложбата во Сплит;
- Да се договори и организира превозот на сликите за изложбата;
- Членовите на организацискиот одбор за манифестацијата „8 Денови на Б. Миладиновци„ во Осиек и Ѓаково се: С. Сагадин, А. Рабузин, Ј. Цветичанин, М. Гиговски и Е. Жугај;
- Средствата за манифестацијата вкупно изнесуваат 13.500,00 кн.;
- Содржините кои ќе бидат застапени на манифестацијата која ќе се одржи на 04.06.2005. год. се: концерт на млади уметници и солисти на озбилна музика од мак. друштва во Р. Хрватска во придружба на камерен оркестар „Скопски солисти„ од Р. М., претставување на книгата „Осврти„ на др.Г. Калогјера, прием на градоначалникот, претставување на книгата „Танго„ од М. Апостоловска во Осиек;
- Б. Јовановски да напише прилог за „Мак. глас„ за 100- та годишница од смртта на Ј. Ј. Штросмаер;
- За манифестацијата во Осиек се поднесе предлог правнуката на Миладинов Васкресија Миладинова Панџа да биде во иднина нејзин стален гост;
- Членовите на организацискиот одбор за манифестац. „Илинден„ се: С. Сагадин, А. Рабузин, М. Гиговски , А. Оџаклиески, М. Паризоски, Ј. Коениг и Е. Жугај;
- Средствата за манифестацијата вкупно изнесуваат 50.000,00 кн. (друштвото од Сплит со посебни средства од Советот);
- Прославата да се одржи во Самобор, а Ј. Коениг да уговори состанок со градоначалникот на Самобор по тој повод;
- Да се контактира со КУД „К. Неделковски„ од Велес околу поединостите за нивниот ев. настап на прославата;
- Потребните податоци за книгите на О. Бојаџиски, Г. Калогјера и Б. Јовановски на време да се достават до Заедницата, да може да се реализира нивното печатење;
- Собранието на Заедницата да се одржи на есен или пред крај на оваа година;
- На Едукативниот семинар за уредници и новинари во медиумите за нац. малцинства, кој го организираат „Стина„ и Советот, а кој ќе се одржи во Водице од 28-30.04.2005., да присуствува М. Апостоловска како гл. уредничка на „Мак. глас„.

**Ад. 7.** Предлогот за Финансискиот план за период од 01.04. – 31.12.2005. год. (прилог), кој го изработи секретарката на Заедницата А. Рабузин, им го прочита на присутните и напомена дека е направен оквирно по средствата кои се доделени од Советот, а кои таа ги пронашла на Интернет страниците, поради тоа што Советот сé уште нема доставено до

Заедницата детален План за распределба на средствата. Таа рече дека недостасуваат околу 25.000,00 кн. По расправата, членовите на УО го усогласија конечниот текст на Финансискиот план и со јавно гласање **едногласно** го донесоа истиот. Исто така, **едногласно** ги донесоа и следните **одлуки:**

- Од средствата за информирање да се подмират трошоците за „Web" страницата и дел од трошоците за телефонот и поштарината кои се потрошени за „Мак. глас„;
- Средствата кои се наменети од Советот за МКД „К. Мисирков„ да се пренаменат и замрзнат до решавањето на Управниот спор кој се води на суд, а за тоа да се извести Советот за нац. малцинства;

**Ад. 8.** По оваа точка, А. Рабузин го изнесе на присутните предлогот за новиот Статут на Заедницата (прилог) кој беше претходно доставен до друштвата. Сите присутни се изјаснија дека било прекратко времето подобро да го проучат, но дека секако имал многу недостатоци на кои би требало да се поработи со меродавни правни лица. Со тоа се дојде до заклучок прво подетално да се проучи содржината на новиот Статут, а дури потоа да се излезе со неговиот предлог пред членовите на УО, а на крајот и пред Собранието на Заедницата.

**Ад. 9.** По оваа точка, членовите на УО ги дефинираа износите за трансферот на друштвата за 03.2005. год.: МКД Осиек – 7.000,00 кн., МКД Пула – 10.000,00 кн., МКД Риека – 7.000,00 кн., МКД Сплит – 5.000,00 кн. и МКД Задар – 5.000,00 кн.

Седницата заврши во **15.40** часот.

Записничарка:

Елизабета Жугај

Претседателка:

А. Р./ Е. Ж.

Славица Сагадин

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ZAGREB ЗАГРЕБ